**Известување за концентрација која се однесува на стекнување заедничка контола од Оушн Рејл Логистикс С.А. Грција и лицето А. П. Од Грција над Пиреас Европа Асиа Раил Логистикс Лимитед, Обединето Кралство**

**(предмет бр. 08-85/2019)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.11.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување заедничка контола од Оушн Рејл Логистикс С.А. со регистрирано седиште на 44, Chatzikiriakou Av., 18538 Пиреј,Грција и лицето А. П. Од Грција над Пиреас Европа Асиа Раил Логистикс Лимитед, со регистрирано седиште на 35 Piccadilly, Лондон, WIJ OLP, Обединето Кралство а согласно со член 12 став 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

**Оушн Рејл Логистикс С.А.** е член на Коско Груп, кинески конгломерат што нуди услуги на транспорт, и логистика и е вклучен во различни бизнис сектори поврзани со поморски транспорт и логистика.

Коско Груп не врши никаква активност на територијата на Република Северна Македонија

**Лицето А.П.** е грчки граѓанин и во моментот има единствена контрола над групацијата на која припаѓа Пиреас Европа Асиа Раил Логистикс Лимитед и освен ова не врши контрола над ниту едно друго друштво.

**Пиреас Европа Асиа Раил Логистикс Лимитед и** неговите фирми ќерки кои се предмет на оваа трансакција се занимаваат со обезбедување на железничка логистика или други шпедитерски услуги од и до Пиреј и други грчки пристаништа.

Пиреас Европа Асиа Раил Логистикс Лимитед е активно во Република Северна Македонија преку своја фирма ќерка Пеарл Лимитед ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Даме Груев бр. 5/лок.9-а Скопје и дејност останати придружни дејности во превозот.

Подносителот смета дека за целите на оценка на предметната концентрација релевантниот пазар може да се дефинира како пазар на давање на шпедитерски услуги на територијата на Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да*

*пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.11.2019 година
Скопје